- фотокопија и заверен превод на статутот или друг соодветен акт;
- програма за дејствување во Република Македонија;
- заверена одлука и превод за изборот на органите со лични податоци на лицата кои членуваат во органите;
- заверен превод на одлуката за избор на законски записник со лични податоци, заверена фотокопија на исправата за идентификација на тоа лице и документ за регулиран престој, односно живеалиште во Република Македонија;
- заверен превод на одлуката за лице овластено од законскиот застапник за регистрација на организационот облик на странската организација во Република Македонија; и
- доказ за уплатен надоместок на трошоците за упис.

III. Запишување на промени на податоци

Член 7

Запишувањето на промени на податоците во Регистарот на странски организации се врши врз основа на поднесена Пријава за упис на промена кај субјект во трговскиот регистар и регистар на други правни лица (Пријава за упис на промена) - (Образец ПП и ППЗ).

Член 8

Во пријавата за упис на промена, се внесуваат податоци за:

- промената за која се бара упис:
- статус на организации од јавен интерес;
- статусните измени;
- стечај и ликвидација;
- забелешка за започнување на постапка за забрана за вршење на дејност:
- престанок на работа; и
- број и датум на решение за запишување, за промена на податоци и решение за бришење на уписот во Регистарот.

Член 9

Кон Пријавата за упис на промена, се поднесуваат:

- акт на надлежен орган за промена на податоците;
- записник од седница на надлежниот орган за донесување на одлука за промена на податоците во оригинал или во заверен препис; и
- изјава за исполнети услови за запишување на промените на податоците, заверена кај нотар.

IV. Бришење од Регистарот

Член 10

За бришењето од Регистарот на странски организации, освен во случај од член 72 став (1) од Законот за здруженија и фондации, се поднесува Пријава за упис на бришење на субјектите запишани во трговскиот регистар и регистар на други правни лица (Пријава за упис на бришење) - (Образец ПБ).

Член 11

Со Пријавата за упис на бришење од Регистарот на странски организации, се поднесуваат акти од член 63 од Законот за здруженија и фондации.

V. Завршни одредби

Член 12

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за обрасците на регистрите на здруженијата на граѓани и фондациите, на здруженијата на странци и странски организации и за начинот на нивното водење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/98).

Член 13

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-2922/9
9 ноември 2010 година
Скопје

Министер за правда,
Михајло Маневски, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

3271.

Врз основа на член 173 став 3 и член 181, а во врска со член 176 и 178 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија” бр. 14/06, 24/07, 103/08 и 67/10), министерот за транспорт и врски, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ПРАВИЛАТА И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВА ЛИЦЕ ЗА ДА ВРШИ ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА ЈАВЕН ВОЗДУШЕН ПРЕВОЗ

Член 1

Во Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на инспекциски надзор и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши инспекциски надзор на јавен воздушен превоз („Службен весник на Република Македонија” бр.47/08) по членот 1 се додава нов член 1-а кој гласи:

Член 1-а

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. SAFA (Safety assessment of foreign aircraft) е безбедносна проверка на странски воздухоплов на платформа на аеродром (во понатамошниот текст: SAFA инспекција);
2. SAFA програма е систем на пропишани референтни подзаконски акти, организациски ресурси, пропишани процедури и постапки со кои се воспоставува и спроведува SAFA инспекција на странски воздухоплови на платформа на аеродром;
3. SAFA инспектор е овластен воздухопловен инспектор, оспособен за вршење на SAFA инспекција на странски воздухоплов на платформа;
4. Задржување (приземјување) е формална забрана на еден воздухоплов да напушти одреден аеродром, како и преземање на неопходните мерки за задржување на платформата на која е извршена инспекцијата;
5. Меѓународни безбедносни стандарди се безбедносни стандарди содржани во Чикашката конвенција за меѓународно цивилно воздухопловство и нејзините анекси (во натамошниот текст: Чикашката конвенција);
6. Инспекција на платформа на странски воздухоплов е преглед на странски воздухоплов на платформа;
7. Оператор е превозник во воздушниот сообраќај сертифициран од страна на надлежната воздухопловна власт, на држава членка на ICAO за вршење на јавен воздушен превоз на патници, багаж, стока и пошта;
8. ECAC е Европска конференција за цивилното воздухопловство;
9. EASA е Европска Агенција за воздухопловна безбедност;
10. SAFA база на податоци е информационен систем, воспоставен и управуван од страна на EASA, кој се состои од информациски алатки и процедури неопходни за собирање, обработка и анализа на безбедносните информации добиени врз основа на SAFA инспекција;
11. Приоритетни инспекции на платформа е извршување на соодветен број на инспекции во однос на вкупниот број инспекции на платформа од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство на годишна основа и

12. Предмет на инспекција е оператор и/или сите оператори од една земја и/или вид на воздухоплови и/или одреден воздухоплов.

Член 2

Во членот 2 се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) Начинот, правилата и посебните услови за вршење на SAFA инспекција, се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.”

Член 3

Во членот 3 ставот (2) се менува и гласи:

„Инспекторите од став 1 точки 1 до 4 на овој член за да вршат SAFA инспекција, покрај посебните услови кои треба да ги исполнуваат, треба да:

1. поседуваат неопходно воздухопловно образование и/или практично знаење соодветно за нивната област за инспекција, односно за:

- операции на воздухоплови;
- лиценцирање на персоналот;
- пловидбеност на воздухопловот и
- опасни материи

2. имаат завршено:

- почетна теоретска обука за SAFA инспектори на платформа во SAFA организација за обука согласно точка 8 од прилогот 2 на овој правилник:
- практична обука во SAFA организација за обука или спроведена од страна на Виш SAFA инспектор на Агенцијата за цивилно воздухопловство, во согласност со условите од член 3-б на овој правилник и кој работи независно од SAFA организацијата за обука и
- обука на работно место (on the job training), која се спроведува преку серија на инспекции кои ги врши Вишиот SAFA инспектор именуван на начин пропишан со член 3-б на овој правилник.”

Член 4

По членот 3 се додаваат два нови членови 3-а и 3-б кои гласат:

„Член 3-а

(1) По стекнување на квалификациите за спроведување на SAFA инспекции од член 3 став (2) на овој правилник, Агенцијата за цивилно воздухопловство треба да им обезбеди на SAFA инспекторите услови за одржување на важноста на нивните квалификации преку:

а) посетување на периодични/континуирани обуки (recurrent training) кои се состојат од теоретско оспособување во SAFA организација за обука и

б) извршување на најмалку 12 инспекции на платформа, на секои 12 месеци од последната SAFA обука, освен ако инспекторот е истовремено квалификуван за вршење на инспекција на летачки операции и/или пловидбеност овластен од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство и редовно извршува инспекции на воздухоплови на домашни оператори.

(2) Со цел да се обезбеди имплементација на член 3 став (2) на овој правилник и став (1) на овој член, Агенцијата за цивилно воздухопловство во форма на процедури користи упатства изготвени и објавени од страна на EASA, кои ги објавува на својата интернет страна.

Член 3-б

(1) Виши SAFA инспектори можат да бидат лица кои ги исполнуваат следните услови:

а) кандидатот да има квалификации за SAFA инспектор во претходните 3 години и

б) кандидатот да има извршено најмалку 36 инспекции во период од три години пред назначување за Виш SAFA инспектор.

(2) Практичната обука и/или обука на работно место која ја спроведува Виш SAFA инспектор, треба да биде заснована на релевантна програма за обука изготвена и објавена од страна на EASA.

(3) Вишите SAFA инспектори можат да спроведуваат почетна обука и/или обука на работно место на кандидати од други земји членки.”

Член 5

SAFA инспекторите кои ги исполнуваат условите од член 3 став (2) алинеја 1 и член 3-а точка б) на овој правилник до денот на влегувањето во сила на овој правилник се сметаат за квалификувани SAFA инспектори доколку до 1 март 2011 година завршат периодична/континуирана обука во SAFA организација за обука.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-15996/1
1 декември 2010 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
Миле Јанакиески, с.р.

Прилог 2

НАЧИН, ПРАВИЛА И ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА SAFA ИНСПЕКЦИЈА

1. Цел на SAFA програмата

Целта на SAFA програмата е да обезбеди унифициран пристап во ефикасната примена на прифатените меѓународни безбедносни стандарди на ICAO, EU, EASA и други, преку хармонизација на правилата и упатствата за спроведување на SAFA инспекција.

2. Применливост

Со овој прилог непосредно се утврдуваат начинот, правилата и посебните услови за вршење на SAFA инспекција од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство, преку овластени SAFA инспектори и можноста да се задржи (приземји) воздухоплов, да се забрани лет или да се наложи исполнување на одредени услови од страна на кој било странски воздухоплов кој слетува на аеродром во Република Македонија, доколку истиот се користи за јавен воздушен превоз, во согласност со одредбите на Чикашката конвенција и нејзините анекси.

3. Исклучоци

(1) Државните воздухоплови определени согласно Чикашката конвенција и воздухопловите со максимална тежина помала од 5700 кг, а кои не се вклучени во јавен воздушен превоз не се предмет на SAFA инспекција.

(2) Државните воздухоплови од став (1) на оваа точка се предмет на инспекција од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство на начин и под услови утврдени со Законот за воздухопловство и прописите донесени врз основа на тој закон.

4. Собирање на информации

(1) За собирање на важни безбедносни информации во Агенцијата за цивилно воздухопловство се воспоставува механизам, кој во најголема мера се содржи од информациите содржани во: извештаите од пилотите, организациите за одржување на воздухоплови, единиците на контрола на летање и други организации независни од надлежните тела на земја членка, како и во приговори, тужби, жалби и слично. За ефикасно спроведување на SAFA програмата, за релевантни ќе се сметаат и информациите добиени од субјектите наведени во точка 5 став 3 од овој прилог.

(2) SAFA националниот координатор има обврска да ги собира, да ги евидентира на соодветен начин и по потреба да ги дистрибуира информациите за преземените мерки по извршена SAFA инспекција како што се:

а) задржување (приземјување) на воздухоплов;

б) забрана на воздухопловот или операторот да слетува во Република Македонија;

в) мерките за отстранување на недостатоците;

г) контакти со надлежната воздухопловна власт на операторот и

д) повратни информации за операторот како што се, мерките со кои се отстранети недостатоците или повторување на недостатоците.

(3) Формата и содржината на евиденцијата на информациите од оваа точка треба да бидат во согласност со Договорот помеѓу EASA и Агенцијата за цивилно воздухопловство за собирање и размена на информации за безбедноста на воздухоплови кои ги користат аеродромите во Заедницата и Република Македонија.

5. Инспекции на платформа

(1) Сите странски воздухоплови, определени во точка 2 на овој прилог, кои слетуваат на некој аеродром во Република Македонија, а посебно оние воздухоплови за кои се претпоставува дека не се во согласност со прифатените меѓународни безбедносни стандарди можат да бидат предмет на SAFA инспекција.

(2) Стандардите на ICAO и дополнителните европски регионални процедури на ICAO претставуваат референтни вредности за вршење на SAFA инспекција врз воздухоплови и оператори во рамките на SAFA програмата. Исто така, при проверката на техничката исправност на воздухоплов, истиот се прегледува и во однос на стандардите на призводителот на воздухопловот.

(3) SAFA инспекторите и другите лица вклучени во SAFA програмата, во вршење на работите пропишани со овој прилог посебно внимание посветуваат на воздухопловите за кои:

а) се добиени информации од релевантните аеродромски служби (службите за прифат и отпрема на патници и воздухоплови, службите за одржување на воздухоплови и сл.), патниците или други извори, кои укажуваат на лошо одржување, или на очигледно оштетување или дефекти;

б) при претходните инспекции се утврдени недостатоци кои укажуваат на сериозно загрозување на меѓународните безбедносни стандарди и каде што државите кои ја спроведуваат SAFA програмата изразиле загриженост дека тие недостатоци не се отстранети;

в) постои доказ дека надлежната воздухопловна власт на државата на регистрација не врши на задоволувачки начин надзор на безбедноста на операторот, а согласно информациите од релевантните организации како што се EASA, ECAC, ICAO и сл;

г) е добиено известување дека од влегувањето во воздушниот простор на Република Македонија извршува невообичаени маневри кои укажуваат на сериозна загриженост за безбедноста и

д) информациите собрани согласно точка 4 на овој прилог предизвикуваат загриженост во врска со операторот, или кога претходната SAFA инспекција покажала недостатоци на воздухопловот кој го користи истиот оператор.

(4) Насоките за спроведување на SAFA инспекција и стандардните форми на извештајот за SAFA инспекција се дадени во Договорот помеѓу EASA и Агенцијата за цивилно воздухопловство за собирање и размена на информации за безбедноста на воздухоплови кои ги користат аеродромите во Заедницата и Република Македонија со кој се прифаќа ЕУ Директивата 2004/36 изменета со ЕУ Директивата 2008/49. Стандардните форми на извештајот за SAFA инспекција, Агенцијата за цивилно воздухопловство ги објавува на својата интернет страна.

(5) По завршување на SAFA инспекцијата, SAFA инспекторот треба да го извести водачот на прегледаниот воздухоплов или претставникот на операторот на воздухоплов за наодите од инспекцијата на платформа преку доставување на копија од извештајот и вербално соопштување на резултатите од SAFA инспекцијата.

(6) Доколку во текот на SAFA инспекцијата се откриени значајни недостатоци (наоди од категоријата 2 и 3, согласно одредбите од "Manual of EC SAFA ramp inspection procedures – Core element" во Анексот на ЕУ Директивата 2008/49), извештајот се доставува до операторот на воздухопловот и до надлежната воздухопловна власт на тој оператор.

(7) При спроведување на инспекција на платформа SAFA инспекторите ги превземаат сите мерки со цел избегнување на неоправдано задржување на воздухопловите кои се предмет на SAFA инспекција. Можни но не и единствени причини за одлагање на полетувањето на воздухопловот од платформа може да бидат сомневања кои се однесуваат на правилноста на подготовките за лет, пловидбеноста на воздухопловот или други работи поврзани со безбедноста на воздухопловот и патниците во истиот.

(8) Агенцијата за цивилно воздухопловство со процедура обезбедува имплементација на процедурите за спроведување на SAFA инспекција дадени во Анексот на ЕУ Директивата 2008/49, Анексот на Одлуката 2008/001/S на EASA за „Guidance material for qualification of SAFA inspectors" и Анексот на Одлуката 2009/001/S на EASA за „Guidance material for SAFA ramp inspections".

6. SAFA национален координатор

(1) Со цел олеснување на спроведувањето на активностите од SAFA програмата во Република Македонија и на протокот на информации помеѓу EASA и Агенцијата за цивилно воздухопловство, Агенцијата за цивилно воздухопловство определува SAFA национален координатор од редовите на SAFA инспекторите.

(2) SAFA националниот координатор секојдневно ги координира активностите кои произлегуваат од SAFA програмата и одржува контакт со EASA (SAFA Одделение за координација и стандардизација), и со другите учесници во програмата како што се ECAC, ICAO и други.

(3) Со цел обезбедување на контрола и управување на SAFA програмата во Република Македонија, SAFA националниот координатор согласно Анексот на Одлуката 2009/001/S на EASA за "Guidance material for SAFA ramp inspections" ги има следните задачи и одговорности:

1) контролира и се грижи за сите аспекти на внесување на инспекциските извештаи за спроведени SAFA инспекции на ниво на Република Македонија во SAFA базата на податоци согласно ЕУ Регулативата 768/2006;

2) ја проверува точноста на податоците кои се внесуваат во SAFA базата на податоци;

3) ја обезбедува доверливоста на податоците земени од SAFA базата на податоци, во случај кога се користат за внатрешните потребите на Република Македонија;

4) обезбедува извршување на приоритетните инспекции, како и дополнителните приоритетни инспекции, доколку такви постојат, воспоставени на ниво на Република Македонија во согласност со ЕУ Регулативата 351/2008 која се однесува на приоритетните инспекции на платформа на воздухоплови кои користат аеродроми на Заедницата;

5) е одговарно лице за спроведувањето на програмата за обука (почетна и периодична/континуирана), за целокупниот персонал вклучен во SAFA програмата (инспектори, виши инспектори, корисници на SAFA базата на податоци, модератори и други);

6) ја претставува Република Македонија во Европската SAFA експертска група за управување (European SAFA Steering expert group - ESSG);

7) ја промовира и имплементира програмата за размена на SAFA инспектори;

8) ги помага правните советници во предметите кои се однесуваат на барањата за пристап до податоците поврзани со SAFA;

9) одржува врска и ја помага EASA (SAFA Одделението за координација) во сите активности од SAFA програмата;

10) во согласност со Анексот II на ЕУ Директивата 2008/49, учествува во взаемната размена на информации, и ги доставува на Европската Комисија и државите учесници во SAFA програмата, безбедносните информации собрани по пат на стандардни извештаи и ги известува Европската Комисија и државите учесници во SAFA програмата за потенцијалните безбедносни закани;

11) навремено ја информира EASA за сите промени на клучниот персонал (SAFA национален координатор, кординаторот на националните оператори-SANA, корисниците на базата на податоци и другите);

12) за секој нов именуван корисник на SAFA базата на податоци доставува до EASA Изјава за доверливост потпишана од страна на SAFA инспекторот и SAFA националниот координатор;

13) го става на располагање на EASA месечниот извештај со статусот на коративните мерки преземени по извршената инспекција на платформа;

14) ја известува Агенцијата за цивилно воздухопловство и доколку е потребно EASA за сите активности поврзани со SAFA програмата во Република Македонија;

15) соработува со координаторот на операторите од Република Македонија (доколку истиот е определен), во врска со SAFA извештаите за операторите од Република Македонија;

16) предлага членови во SAFA работните групи;

17) ја претставува Агенцијата за цивилно воздухопловство на состаноците на национални координатори и по потреба во други тела во рамките на SAFA програмата на ниво на ЕУ;

18) соработува со националните координатори на другите држави;

19) ја промовира стручноста и квалификациите на инспекторите од

Република Македонија, залагајќи се за курсеви за обновување на знаењето, SAFA работилници и слично;

20) на ниво на Република Македонија ја промовира програмата за размена на искуства и пракса со SAFA инспекторите од други држави;

21) ја промовира SAFA програмата во Агенцијата за цивилно воздухопловство и во јавноста преку годишни извештаи, планови и други публикации;

22) предлага членови на тимот на EASA за SAFA инспекција;

23) ги изработува процедурите пропишани со овој правилник;

24) изготвува извештаи за спроведувањето на SAFA програмата во Република Македонија;

25) како Виш SAFA инспектор врши SAFA инспекции на аеродромите во Република Македонија, а посебно во случај кога се работи за одредени категории на превозници и воздухоплови кај кои постои голема веројатност за откривање на недостатоци во врска со безбедноста (EC SAFA-Blacklist Alarm Information) согласно ЕУ Регулативата 351/2008;

26) одобрува технички лет на странски воздухоплов во случај кога се утврдени недостатоци од страна на SAFA инспекторите, согласно точка 11 став (2) на овој прилог.

(4) Основно средство за пренесување на SAFA информации во EASA и другите држави вклучени во SAFA програмата е SAFA базата на податоци.

(5) SAFA националниот координатор обезбедува внесување на податоците од завршената инспекција на платформа во рамките на SAFA програмата во SAFA базата на податоци најдоцна во рок од 15 дена од денот на извршената инспекција.

7. SAFA инспектори

(1) SAFA инспекција може да вршат само оние инспектори кои поседуваат неопходно знаење релевантно за областа предмет на инспекција, при што знаењето на техничките, пловидбените и оперативните аспекти е услов во случај на контролирање на сите ставки од контролната листа. Кога инспекцијата на платформа ја вршат два или повеќе инспектори, главните елементи на инспекцијата, визуелна инспекција на надворешноста на воздухопловот, инспекција на пилотската кабина и инспекција на патничката кабина и карго одделот, може да се поделат помеѓу инспекторите.

(2) Пред почетокот на SAFA инспекција на внатрешниот дел на воздухопловот инспекторите треба да му се идентификуваат на водачот на воздухопловот, или во случај на негово отсуство на членот на екипажот или на најстариот претставник на операторот. Во случај кога не е можно да се извести некој од претставниците на операторот или кога нема таков претставник во или во близина на воздухопловот, општ принцип е дека во тој случај не се спроведува. Во посебни околности може да се донесе одлука да се спроведе SAFA инспекција и истата се ограничува на визуелна проверка на надворешноста на воздухопловот.

(3) Инспекцијата колку што е можно треба да биде по сеопфатна имајќи ги во предвид расположливото време и ресурси. Во случај на ограничено време и ресурси, може да се изврши контрола на помал број од инспекциските ставки. Согласно времето и ресурсите на располагање, ставките кои што ќе се контролираат треба внимателно да се одберат во согласност со целите на SAFA програмата.

8. SAFA организација за обука

(1) SAFA организација за обука може да биде дел од Агенцијата за цивилно воздухопловство или друга организација. Друга организација може да биде:

а) дел од надлежната власт на друга земја членка или

б) независна организација.

(2) Агенцијата за цивилно воздухопловство ги спроведува курсевите од член 3 став (2) и член 3-а точка а) на овој правилник согласно релевантната програма изготвена и објавена од страна на EASA.

(3) Во случај кога е ангажирана друга организација за SAFA обука, Агенцијата за цивилно воздухопловство треба да воспостави систем на оценување на таа организација. Овој систем треба да биде едноставен, транспарентен, сразмерен и да ги има во предвид сите релевантни упатства изготвени и објавени од страна на EASA. Системот за оценување може да ги земе во предвид оценувањата извршени од страна на други држави членки.

(4) Друга организација за SAFA обука може да врши обука доколку со оценувањето се покаже дека обуката ќе биде изведена согласно релевантната програма изготвена и објавена од страна на EASA.

(5) Агенцијата за цивилно воздухопловство адекватно ги менува програмите за обука и/или системот за оценување на други организации со цел истите да ги одразуваат сите препораки кои произлегуваат од инспекциите за стандардизација (Standardisation Audit) извршени од страна на EASA согласно работните методи утврдени со ЕУ Регулативата 736/2006, за работните методи на EASA за вршење на прегледи за стандардизација.

(6) Агенцијата за цивилно воздухопловство може да побара EASA да изврши евалуација на друга организација за обука и да издаде совет врз основа на кој Агенцијата за цивилно воздухопловство ќе ја заснова својата сопствена евалуација.

9. Размена на информации

(1) Размената на информации со надлежните воздухопловни власти на други земји ја врши Агенцијата за цивилно воздухопловство. Овие информации можат да вклучуваат и листа на аеродроми во Република Македонија отворени за меѓународен воздушен сообраќај со наведување, за секоја календарска година, на бројот на извршени инспекции и бројот на движења на воздухоплови кои не се од земја членка на ECAC.

(2) Извештаите од точките 4 и 5 на овој прилог, без одлагање се ставаат на располагање на Европската Комисија, надлежните воздухопловни власти во ЕУ и ECAC вклучувајќи ја и EASA, на нивно барање.

10. Заштита на информации

Сите информации кои што се добиени на начин пропишан со точка 4 на овој прилог, се сметаат за доверливи и истите можат да се користат само за целите на SAFA инспекцијата.

11. Задржување (приземјување) на воздухоплов

(1) Во случај кога неусогласеност со ICAO прифатените меѓународни безбедносни стандарди без сомнение претставува закана за безбедноста на летањето, операторот на воздухопловот треба да преземе мерки со цел отстранување на недостатоците пред полетувањето. Ако квалификуваниот и овластен SAFA инспектор од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство, при вршење на SAFA инспекција, не е уверен дека корективните мерки ќе бидат спроведени пред полетувањето, тој изрекува мерка задржување (приземјување) на воздухопловот на платформата на аеродромот се до отстранување на недостатоците, а за тоа веднаш ја известува надлежната воздухопловна власт на односниот оператор и на земјата на регистрација на воздухопловот.

(2) Агенцијата за цивилно воздухопловство може, во координација со земјата одговорна за надзор на задржаниот (приземјениот) воздухоплов, или земјата на регистрација на воздухопловот, да ги утврди потребните услови под кои на тој воздухоплов може да му се дозволи да прелета до аеродром на кој можат да се отстранат недостатоците. Ако недостатоците влијаат врз важноста на уверението за пловидбеност на воздухопловот, задржувањето (приземјувањето) може да се укине само доколку операторот добие одобрение од земјата или земјите преку кои прелетот ќе се изврши.

12. Критериуми за одредување на приоритетни инспекции

(1) Врз основа на добиените информации по електронски пат од страна на EASA, Агенцијата за цивилно воздухопловство врши приоритетни инспекции на платформа на следните субјекти:

1) предмети на инспекција кои се идентификувани како потенцијална закана за безбедноста врз основа на редовните анализи извршени од страна на EASA;

2) предмети на инспекција за кои врз основа на мислење на Комитетот за безбедност во воздушниот сообраќај (Air Safety Committee), во смисла на имплементација на ЕУ Регулативата 2111/2005, е утврдено дека е неопходна понатамошна верификација на фактичката усогласеност со релевантните безбедносни стандарди преку систематични инспекции на платформа. Ова може да се однесува и на предметите на инспекција кои се повлечени од листата на превозници во воздушниот сообраќај кои се предмет на оперативна забрана во рамките на Заедницата, воспоставена согласно ЕУ Регулативата 2111/2005;

3) предмети на инспекција идентификувани врз основа на информација која Европската Комисија ја има добиено од страна на држава членка или EASA, а согласно членот 4 (3) на ЕУ Регулативата 2111/2005;

4) воздухоплови кои се користат во воздушниот сообраќај на Заедницата од страна на оператори наведени во Листата на авиопревозници чии операции се предмет на оперативни ограничувања во Заедницата од Анексот Б на ЕУ Регулативата 474/2006;

5) воздухоплови кои се користат од страна на други оператори на кои им е издадено уверение во истата држава од која е и операторот кој истовремено (во тој временски период) се наоѓа на Листата на авиопревозници кои се предмет на оперативна забрана во Заедницата наведена во ЕУ Регулативата 474/2006.

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

3272.

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за катастарската општина Маџари - Општина Гази Баба.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 18-тиот ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за КО Маџари, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-16722/2
30 ноември 2010 година
Скопје

Директор,
Љупчо Георгиевски, с.р.

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3273.

Врз основа на член 68 став 2, а во врска со член 69 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006), член 68 став 1 точка 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2007, 90/2009 и 67/2010) и точка 46 став 4 од Одлуката за управување со ликвидносниот ризик на банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 163/2008, 66/2009, 144/2009 и 157/2009), гувернерот на Народната банка на Република Македонија, ја дава следнава

О Б Ј А В А

За периодот од 01.01.2011 година до 30.06.2011 година, банката е должна да ја почитува следнава месечна динамика на усогласување на стапките на ликвидност:

- 1/24 од разликата утврдена на 28.02.2009 година помеѓу минималното ниво и почетниот износ на стапката на ликвидност до 30 дена;
- 1/60 од разликата утврдена на 28.02.2009 година помеѓу минималното ниво и почетниот износ на стапката на ликвидност до 180 дена.

Бр. 7979
30 ноември 2010 година
Скопје

Гувернер
на Народната банка
на Република Македонија,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3274.

Врз основа на членовите 144 став 3 и 153-к став 1 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07, 77/08, 67/09 и 88/10) и член 14 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, Собранието на Стоматолошка комора на Република Македонија, на седницата одржана на 10.11 2010 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТРУЧНИОТ ИСПИТ НА ДОКТОРИТЕ НА СТОМАТОЛОГИЈА И ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОСНОВНА ЛИЦЕНЦА

Член 1

Во Правилникот за стручниот испит на докторите на стоматологија и за издавање на основна лиценца („Службен весник на Република Македонија” бр. 13 од 1 февруари 2006), во членот 3 по ставот 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„При утврдувањето на составот на испитните комисии се применува начелото на соодветна и правична застапеност на членовите без да се нарушат критериумите за стручност и компетентност”.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија” а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 03-826/1
12 ноември 2010 година
Скопје

Претседател
на Стоматолошка комора на Македонија,
проф.д-р **Марија Накова**, с.р.

3275.

Врз основа на член 153-к став 1 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07, 77/08, 67/09 и 88/10) и член 14 од Статутот на Стоматолошката комора на Република Македонија, Собранието на Стоматолошката комора на Република Македонија, на седницата одржана на 10. 11 2010 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ, ПРОДОЛЖУВАЊЕ, ОБНОВУВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА РАБОТА

Член 1

Во Правилникот за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа („Службен весник на Република Македонија” бр.13 од 1 февруари 2010), членот 17 се менува и гласи:

„Докторите на стоматологија кои запишале студии од областа на стоматологијата до денот на влегување во сила (до 15.03.2004 година) на Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија” бр.10/04) и стручниот испит ќе го положат најдоцна до 31 декември 2010 година, ќе се смета дека имаат лиценца за работа, а рокот на важноста на лиценцата за работа изнесува седум години и започнува да тече од денот на положување на стручниот испит.”

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија" а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 03-826/2
12 ноември 2010 година
Скопје

Претседател
на Стоматолошка комора на Македонија,
проф.д-р **Марија Накова**, с.р.

_____

3276.

Врз основа на член 153-л од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07 и 77/08) и член 14 од Статутот на Стоматолошка комора на Република Македонија, Собранието на Стоматолошка комора на Република Македонија, на својата седница одржана на 10.11.2010 година го донесе, следниот

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ, ПРОДОЛЖУВАЊЕ И ОБНОВУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИТЕ ЗА РАБОТА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ОД ОБЛАСТА НА СТОМАТОЛОГИЈАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на утврдување на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата.

Член 2

Утврдувањето на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците се врши врз основа на реалните административни и материјални трошоци за спроведување на постапката за издавање, продолжување и обновување на лиценците и тоа за:

1. Постапка за издавање на лиценца вкупно 2.800,00 денари од кои:

а) Административните трошоци изнесуваат 2.410,00 во кои се вклучени:

- Трошоци за работа на Комисија за прегледување на документи и одобрување - 660,00 денари;
- Трошоци за стручната служба на Комората - 1.404,00 денари;
- Трошоци за стручни лица и надворешни соработници - 346,00 денари;

б) Материјални трошоци - 390,00 денари.

2. Постапка за продолжување на лиценца вкупно 2.000,00 денари од кои:

а) Административните трошоци изнесуваат 1.610,00 во кои се вклучени:

- Трошоци за работа на комисијата за прегледување на документи и одобрување - 660,00 денари;
- Трошоци за стручната служба на Комората - 950,00 денари.

б) Материјални трошоци - 390,00 денари.

3. Постапка за обновување на лиценца вкупно - 3.200,00 денари од кои:

а) Административните трошоци изнесуваат 2.920,00 во кои се вклучени:

- Трошоци за работа на Комисиите за проверка на документите за акредитација за КМЕ и проверка на барања на поединци за КМЕ - 1.097,00 денари;
- Трошоци за стручната служба на Комората - 1.560,00 денари;
- Трошоци за ангажирање на стручни лица надворешни соработници - 263,00 денари.

б) Материјални трошоци - 280,00 денари.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија" а ќе се објави по добивањето на согласност од Министерот за здравство.

Бр. 03-826/3
12 ноември 2010 година
Скопје

Претседател
на Стоматолошка комора на Македонија,
проф.д-р **Марија Накова**, с.р.

_____

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

3277.

Врз основа на член 5 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09 и 97/10), Министерството за труд и социјална политика

О Б Ј А В У В А

Просечната месечна плата по работник за месец НОЕМВРИ 2010 година неможе да изнесува помалку од утврдената на ниво на оддел и тоа:

Оддел.	Назив на одделот	Износ
01.	Земјоделство, лов и соодветни услужни дејности	9.741
02.	Шумарство, искористување на шуми и соодветни услужни дејности	14.194
05.	Улов на риба, одгледување на риби и услужни активности во рибарството	8.844
10.	Вадење на камен, јаглен и лигнит, вадење на тресет	16.317
13.	Вадење на руди на метал	17.364
14.	Вадење на други руди и камен	14.719
15.	Производство на прехранбени производи и пијалоци	12.635
16.	Производство на тутунски производи и ферментација на тутун	12.209
17.	Производство на текстилни ткаенини	7.080
18.	Производство на облека; доработка и боење на крзно	7.446
19.	Штавење и доработка на кожа, производство на куфери, рачни торби, седла, сарачки производи и обувки	6.943
20.	Преработка на дрво, производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал	7.827
21.	Производство на целулоза, хартија и производи од хартија	13.854
22.	Издавачка дејност, печатење и репродукција на снимени медиуми	14.641

23.	Производство на кокс, деривати на нафта и нуклеарно гориво	24.462
24.	Производство на хемикалии и хемиски производи	22.102
25.	Производство на производи од гума и производи од пластични маси	8.589
26.	Производство на производи од други неметални минерали	15.577
27.	Производство на основни метали	14.591
28.	Производство на метални производи во металопреработувачката фаза, освен машини и уреди	10.020
29.	Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место	12.543
30.	Производство на канцелариски машини и компјутери	18.479
31.	Производство на електрични машини и апарати, неспомнати на друго место	13.236
32.	Производство на радио, телевизиска и комуникациона опрема и апарати	8.751
33.	Производство на прецизни медицински и оптички инструменти и часовници	19.616
34.	Производство на моторни возила, приколки и полуприколки	10.167
35.	Производство на други сообраќајни средства	19.007
36.	Производство на мебел и други разновидни производи, неспомнати на друго место	8.275
37.	Рециклажа	8.696
40.	Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и топла вода	26.738
41.	Собирање, пречистување и дистрибуција на вода	13.850
45.	Градежништво	11.395
50.	Продажба, одржување и поправка на моторни возила и мотоцикли, продажба на мало на моторни горива	19.604
51.	Трговија на големо и посредничка трговија, освен трговија со моторни возила и мотоцикли	16.605
52.	Трговија на мало, освен трговија со моторни возила и мотоцикли; поправка на предмети за лична употреба и за домаќинствата	9.930
55.	Хотели и ресторани	10.526
60.	Копнен сообраќај, цевоводен транспорт	13.906
62.	Воздушен сообраќај	34.640
63.	Придружни и помошни активности во сообраќајот; активности на патничките агенции	21.123
64.	Поштенски активности и телекомуникации	23.036
65.	Финансиско посредување, освен осигурување и пензиски фондови	26.408
66.	Осигурување и реосигурување, пензиски фондови, освен задолжителна социјална заштита	25.980
67.	Помошни активности во финансиското посредување	35.394
70.	Активности во врска со недвижен имот	18.801
71.	Изнајмување на машини и опрема без ракувач и изнајмување на предмети за лична употреба и за домаќинствата	13.590
72.	Компјутерски и сродни активности	23.076
73.	Истражување и развој	18.952
74.	Други деловни активности	13.114
75.	Јавна управа и одбрана; задолжителна социјална заштита	18.440
80.	Образование	15.541
85.	Здравство и социјална работа	15.990
90.	Отстранување на отпадни води и ѓубре, санитарни и слични активности	12.806
91.	Дејност на организации врз база на зачленување	21.665
92.	Рекреативни, спортски, културни и забавни активности	13.568
93.	Други услужни дејности	9.185

Месечно даночно ослободување 7.035.

Министер,
Џељаљ Бајрами, с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2010 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2010155